AMERICAN COUNCILS FOR INTERNATIONAL EDUCATION

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Примено: 18.09.2023
Орг. един. | | Прилог: | Вред.
03 | 906/1 | |

Почитуван Градоначалнику,

Имаме задоволство да го објавиме продолжувањето на Kennedy-Lugar Youth Exchange & Study (YES) програмата за размена на ученици во средно училиште. Оваа програма за размена е целосно финансирана од владата на САД и се спроведува со поддршка на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Програмата, сега во својата деветнаесетта година е одлична можност нашите ученици средношколци да живеат во американско семејство и да учат во американско училиште во учебната 2024-2025 година. Учеството во конкурсот и на програмата е бесплатно бидејќи финалистите добиваат целосна стипендија од Стејт Департментот на САД.

Исто така, ни причинува задоволство да објавиме дека оваа година учениците кои ги исполнуваат следниве критериуми се квалификувани да учествуваат во конкурсот:

- да имаат македонско државјанство и пасош;
- да се родени меѓу 1 јануари 2007 и 15 јули 2009;
- да бидат запишани во прва или втора година средно образование во учебната 2023-24

Конкурсот за YES програмата се состои од три фази: Првата фаза е онлајн апликација, по што следува краток тест за англискиот јазик. Кандидатите коишто ќе ја поминат првата и втората фаза, ќе бидат поканети да учествуваат во полуфиналната фаза на конкурсот. Полуфиналната фаза се состои од средба со родителите, финална апликација, есеи, сеопфатен тест за познавање на англиски јазик, групна активност и интервју. Процесот на селекција се одвива во периодот од август до декември 2023. Конечни резултати ќе има приближно во април 2024.

Заинтересираните ученици може ВЕДНАШ да аплцираат на следниов линк:
https://ais.americancouncils.org/cgi-bin/WebObjects/AIR.woa/wa/login?brand=yes

Ве замолуваме да ги закачите промотивните материјали на Вашата Огласна табла и на влезната врата со цел поголем број уленици да се информираат за информираат за оваа прекрасна можност.

Доколку имате какви било прашања за програмата, ве молиме побарајте не на:
+389 30 76 522 или на нашата е-адреса yes.mk@americancouncils.org

Со почит,

Координатор на YES програмата

Весна Наумовска

"Maksim Gorki" 8/1-14; 1000 Skopje, North Macedonia; T + 389 2 30 76 522;
mk@americancouncils.org
DIB: 4030009055011 | www.americancouncils.org | northmacedonia.americancouncils.org